Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 02-6193/4
28.07.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr 02-6193/
28-07- 2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 9 став 2, членовите 36, 37 и 38 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21) и со Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРОЦЕДУРА

## за документирање и известување за нарушувањата на безбедноста на личните податоци во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Со оваа Процедура се уредува начинот на документирање и известување при нарушувањето на безбедноста на личните податоци во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст МЗШВ) како контролор.

**1.Начин на доставување на известувањето до Агенцијата за заштита на личните податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци**

1.1.Кога ќе настане нарушување на безбедноста на личните податоци, лицето кое прво го детектирало нарушувањето е должно *веднаш и без одлагање* да го извести одговорното лице на контролорот и офицерот за заштита на лични податоци на контролорот и да состави записник за затекнатата состојба во моментот на нарушувањето.

1.2.Одговорното лице на контролорот задолжува лице кое врши процена на соодветно ниво на безбедност при што ги зема предвид ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

1.3.Лицето кое е задолжено од страна на одговорното лице на контролорот е должно веднаш, а најдоцна во рок од 72 часа од дознавањето да ја извести Агенцијата за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, по електронски пат на incident@privacy.mk или на https://eprijavi.privacy.mk/. Прилогот во електронската пошта треба да биде електронски потпишан од страна на функционерот или од одговорното лице на контролорот или истиот да биде во скенирана форма од кој јасно може да се види своерачниот потпис на функционерот или на одговорното лице на контролорот.

Записникот ги содржи следните податоци:

- име, презиме и потпис на лицата кои констатирале нарушување на безбедноста на личните податоци;

- датум и време на детектирање на инцидентот;

- услови под коишто е настанато нарушувањето на безбденоста на личните податоци (на пр: загуба, кражба итн.).

1.4.Записникот потпишан од задолженото лице и од лицето што го детектирало инцидентот потребно е да се достави до одговорното лице на контролорот. По потпшување на записникот своерачно или електронски од одговорното лице на контролорот, потребно е да се преземат активности при нарушување на безбедноста на личните податоци.

1.5.Известувањето до Агенцијата ги содржи следните податоци:

- Опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци вклучувајќи ги категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци (во зависност од користените идентификатори ова може да вклучува, меѓу другото, деца и други ранливи групи, лица со посебни потреби, вработени или клиенти), како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци (на пример ЕМБГ, финансиски податоци, броеви на банкарски сметки, броеви на лични карти и слично);

- Наведување на името, презимето и контакт податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации;

- Опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци (на пример: потенцијални последици и негативни ефекти на засегнати субјекти на лични податоци); и

- Опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти (на пример: технички и организациски мерки што се преземени од контролорот со цел да ги намали можните негативни ефекти, дадени совети на засегнатите субјекти на лични податоци за да се заштитат од можните неповолни последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, како што е промена на лозинки во случај кога нивните привилегии за пристап се компромитирани).

1.6.Покрај горенаведените податоци, согласно со околностите на секој конкретен случај, во известувањето може да се внесат и следните податоци:

- датум и време на инцидентот (доколку се знае, во спротивно може да се направи проценка);

- датум и време на детектирање на инцидентот;

- услови под коишто е настанато нарушувањето на безбедноста на личните податоци (на пример: загуба, кражба итн.);

- име, презиме и потпис на лицата кои констатирале нарушување на безбедноста на личните податоци;

- дали во инцидентот е вклучен и обработувачот и доколку е вклучен, се наведуваат и неговите податоци (назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење, податоци за офицерот за заштита на личните податоци и други контакт податоци);

- дали е информиран офицерот за заштита на личните податоци на контролорот за нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

- оценка/мислење од офицерот за заштита на личните податоци преку преземени или предложени мерки за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

- сумарен преглед на нарушувањето на безбедноста на личните податоци (вклучително физичка локација и медиум каде што се складирани податоците);

- статистички податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци, односно констатирање дали инцидентот првпат се појавува;

- известување до субјектот на личните податоци;

- содржина на известувањето до засегнатите субјекти на личните податоци;

- комуникациска технологија преку која е испратено известувањето;

- број на субјекти на лични податоци што се известени:

- други податоци на контролорот, доколку ги има за настанатиот случај;

- опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти (на пример: технички и организациски мерки што се преземени од контролорот со цел да ги намали можните негативни ефекти, дадени совети на засегнати субјекти на лични податоци за да се заштитат од можните неповолни последици

од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, како што е промена на лозинки во случај кога нивните привелегии за пристап се компромитирани).

**2.Активностите коишто контролорот треба да ги преземе при нарушување на безбедноста на личните податоци**

2.1.Откако ќе биде детектиран безбедносниот инцидент и ќе се утврди дали се случило нарушување на безбедноста на личните податоци, потребно е за време на сите активности и дејства поврзани со нарушувањето на безбедноста на личните податоци задолжително да биде информиран и вклучен офицерот за заштита на личните податоци во целиот процес на управување и известување за нарушувањето на безбедноста на личните податоци преку давање совети и следење на усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци при нарушувањето на безбедноста на личните податоци.

2.2.По утврдување на настанатиот инцидент, од страна на лице назначено од страна на одговорното лице на контролорот се пристапува кон процена на ризикот за субјектите на личните податоци и дали постои веројатност дека нарушувањето на безбедноста ќе резултира со ризик за правата и слободите на субјектите на личните податоци. За време на процената на ризикот, назначеното лице задолжително ги документира сите информации, односно опис на природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци, како и категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци.

2.3.Доколку постои ризик за правата и слободата на субјектите на личните податоци, потребно е да се документираат сите субјекти и истите податоци да бидат зачувани и одржувани во контролорот. Субјектите треба да бидат известени за нарушувањето на безбедноста на личните податоци и да им се дадат насоки и информации со кои можат да се заштитат од последиците од нарушувањето.

**3.Начинот на известување на субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци**

3.1.Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци за кое постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободата на физичките лица, контролорот веднаш го известува субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци.

3.2.Во известувањето испратено до субјектот на личните податоци на јасен и едноставен начин се опишува природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци и се наведуваат

името, презимето и контакт-податоци на офицерот за заштита на личните податоци или на друго лице за контакт, од кое може да се добијат повеќе информации, опис на можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци и опис на преземените или предложените мерки од страна на контролорот за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи соодветни мерки за намалување на можните негативни ефекти.

Според околностите на секој конкретен случај, во известувањето може да се внесат и податоци за датум и време на инцидентот (доколку се знае), причина поради која дошло до нарушување на безбедноста на личните податоци, услови под коишто е настанато нарушувањето на безбедноста на личните податоци (на пример: загуба, кражба итн.) и име, презиме и потпис на функционерот или на одговорното лице на контролорот.

3.3.Известувањето до субјектот на личните податоци не е задолжително, доколку е исполнет еден од следните услови:

(а) контролорот примил соодветни технички организациски мерки за заштита и тие мерки биле примени во однос на личните податоци засегнати од нарушувањето на безбедноста на личните податоци, особено мерки коишто ги прават личните податоци неразбирливи за секое лице кое нема овластување за пристап до нив, како што е криптирањето;

(б) контролорот примил дополнителни мерки кои гарантираат дека веќе не постои веројатност за појавување на висок ризик за правата и слободата на субјектите на личните податоци од став (1) на овој член;

(в) ако известувањето бара несразмерен напор, во таков случај се врши јавно известување или се применува друга слична мерка со која субјектите на личните податоци ќе бидат подеднакво информирани на ефикасен начин.

**4.Документирање и одржување на нарушувањата на безбедноста на личните податоци и известувањата до субјектите на личните податоци**

4.1.Лицето назначено од одговорното лице на контролорот ги документира сите нарушувања на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги фактите поврзани со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, нивните последици и преземените активности за справување со нарушувањето и истите ги чува во просториите на контролорот.

4.2.Лицето назначено од одговорното лице на контролорот е должен детално да го документира нарушувањето на безбедноста на личните податоци, како и да воспостави внатрешен процес на евидентирање на нарушувањата на безбедноста на личните податоци,

без оглед дали ќе биде потребно да се извести Агенцијата според прописите за заштита на личните податоци.

4.3.Процесот на евидентирање ги содржи следните податоци:

- природата (факти и прични) за нарушување на безбедноста на личните податоци;

- категориите и приближниот број на засегнати субјекти на личните податоци;

- категориите и приближниот број на засегнати евидентирани лични податоци;

- вклученоста и улогата на обработувачот при нарушување на безбедноста на личните податоци;

- ефектите и последиците предизвикани од нарушување на безбедноста на личните податоци;

- преземените мерки за справување со нарушувањето на безбедноста на личните податоци;

- преземените превентивни мерки; и

- други информации што и овозможуваат на Агенцијата да ја провери усогласеноста на контролорот со прописите за заштита на личните податоци.

## 5.Објава

Оваа процедура влегува во сила од денот на донесувањето и таа се објавува на веб-страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

МИНИСТЕР
Љупчо Николовски